**ПРАВИЛНИК**
**за статистичките осигурителни стандарди**
**на друштвата за осигурување и/или реосигурување**

**Општи одредби**
**Член 1**

(1) Со овој правилник се пропишува деталната содржина на статистичките осигурителни податоци кои во форма на извештај, составен од статистички осигурителни обрасци, друштвата за осигурување и/или реосигурување (во натамошниот текст: Друштвата) ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата).

**Член 2**

(1) Друштвата имаат обврска да ги пополнуваат статистичките осигурителни обрасци од извештајот кои се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел, и да ги доставуваат до Агенцијата во ~~хартиена и~~ електронска форма на начин утврден од АСО, и тоа:

1) Друштвата за осигурување кои вршат работи на неживотно осигурување ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците: СП-1 (н.о.), СП-2 (н.о.), СП-3 (н.о.), СП-4 (н.о.), СП-5 (н.о.), СП-6 (н.о.), СП-6-АО (н.о.), СП-7 (н.о.), СП-8 (н.о.), СП-9 (н.о.), СП-10 (н.о.) и СП-99.
2) Друштвата за реосигурување кои вршат работи на неживотно осигурување ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците: СП-4 (н.р.), СП-5 (н.р.), СП-6 (н.р.), СП-6-АО (н.р.), СП-8 (н.р.) и СП-99.
3) Друштвата за осигурување и реосигурување кои вршат работи на неживотно осигурување ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците од став (1), точки 1) и 2) од овој член.
4) Друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување на живот ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците: СП-1 (ж.о.), СП-2 (ж.о.), СП-2-РС (ж.о.), СП-3 (ж.о.), СП-4 (ж.о.), СП-4-РС (ж.о.), СП-5 (ж.о.), СП-6 (ж.о.), СП-7(ж.о.), СП-8(ж.о.) и СП-99.
5) Друштвата за реосигурување кои вршат работи на осигурување на живот ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците: СП-1 (ж.р.), СП-4 (ж.р.), СП-4-РС (ж.р.) и СП-99.
6) Друштвата за осигурување и реосигурување кои вршат работи на осигурување на живот ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата обрасците од став (1), точки 4) и 5) од овој член.

**Член 3**

(1) Поимите коишто се користат во статистичките осигурителни обрасци се дефинирани во Упатството за пополнување на статистичките осигурителни обрасци кое е содржано во Прилогот кон овој правилник и е негов составен дел.

**Член 4**

(1) Агенцијата го задржува правото да пропише електронски формат на извештајот за статистичките осигурителни податоци кој Друштвата ќе го пополнуваат и доставуваат до Агенцијата.

**Член 5**

(1) Секој статистички осигурителен образец од извештајот што Друштвата го доставуваат до Агенцијата, задолжително треба да биде потпишан од лицето што го пополнува, контролира (овластен актуар) и одобрува (органот на управување на Друштвото). Извештајот треба да содржи целосни податоци за лицата што ги потпишуваат.~~На првата страница од извештајот треба да се наведени целосни податоци за лицата што ги потпишуваат статистичките осигурителни обрасци.~~

(2) По исклучок од претходната точка на овој член, обрасците СП-1 (н.о.), СП-2 (н.о.), СП-3 (н.о.), СП-7 (н.о.), СП-8(н.о.), СП-9 (н.о.), СП-10 (н.о.), СП-6 (ж.о.), СП-7 (ж.о.), СП-8 (ж.о), СП-99, како и соодветните обрасци кои се однесуваат за друштвата кои вршат работи на реосигурување; не мора да бидат потпишани од овластениот актуар.

**Начин и рокови за доставување на извештајот**
**(статистичките осигурителни обрасци)**
**Член 6**

(1) Друштвата го пополнуваат извештајот за следните периоди:

од 1 јануари до 31 март од тековната година (прв квартал);
од 1 јануари до 30 јуни од тековната година (втор квартал);
од 1 јануари до 30 септември од тековната година (трет квартал);
од 1 јануари до 31 декември од тековната година (четврт квартал),

(во натамошниот текст: Период), и го доставуваат до Агенцијата, во рок од 30 дена од завршетокот на кварталот за кој се доставува извештајот.
(2) По исклучок на претходниот став, статистичките осигурителни обрасци за четвртиот квартал Друштвата ги доставуваат и дополнително со годишните финансиски извештаи.
(3) По исклучок на ставот (1) од овој член, статистичките осигурителни обрасци СП-6(н.о.), СП-6-АО (н.о.), СП-6 (н.р.), СП-6-АО (н.р.) и СП-5 (ж.о.) се пополнуваат за периодот од 1 јануари до 31 декември од тековната година (четврт квартал) и се доставуваат на начин како што се доставуваат и останатите статистички осигурителни обрасци за овој период.

**Член 7**

(1) Износите внесени во статистичките осигурителни обрасци треба да бидат усогласени со износите од соодветните позиции во Билансот на состојба и Билансот на успех.
(2) Статистичките осигурителни обрасци треба да бидат пополнети врз основа на вистинити податоци, во спротивно Агенцијата ќе постапи согласно Законот за супервизија на осигурување.

**Завршни одредби**

**Член 8**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2014 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на статистичките осигурителни извештаи за првиот квартал за 2014 година.